20262684858

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

ОБЈАВА

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија објавува дека Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален Совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година помеѓу Швајцарскиот Федерален совет и Македонската Влада за одбегнување двојно оданочување по однос на данок на доход и данок на капитал, потпишан од Република Северна Македонија на 19 мај 2021 година во Скопје, ратификуван од Собранието на Република Северна Македонија со Закон, објавен во „Сл.весник на Република Северна Македонија“ број 237/2023 од 9 ноември 2023 година согласно нотификација добиена од депозитарот врз основа на член XII став 2 од Протоколот, влегува во сила за Република Северна Македонија на 22 октомври 2026 година.

Бр. 46-30454/26-4
4 ноември 2026 година
Скопје

Министер,
за надворешни работи и надворешна трговија
Тимчо Муцунски, с.р.